# САХИБ

## ИМПРЕСИИ ОД ДЕПРЕСИЈАТА

Наслов на оригиналот:

SAHIB
Impresije iz depresije

Nenad Veličković

Translation Copyright © за македонското издание, Икона 2009

Превод: Дарко Чекеровски

Лектура: Никола Мадешовски

Графичка подготовка: Икона ИК

CIP – Каталогизација во Публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.4(497.6)-31

ВЕЛИЧКОВИЌ, Ненад
Сахиб / Ненад Величковиќ ; [превод од хрватски Дарко Чекеровски]. –
Скопје : Икона 2008. – 170 стр. : 21см

Превод на делото: Sahib / Nenad Veličkovič

ISBN 978-9989-168-07-9

I. Veličkovič, Nenad види Величковиќ, Ненад

COBISS.MK-ID 72006410

Ненад Величковиќ

# САХИБ

## ИМПРЕСИИ ОД ДЕПРЕСИЈАТА

ikona

Сараево, 2005 г.

# 1.

Драги Џорџ,

Најпосле, Сараево!

Опкружено е со планини во кои сè уште има активни мински полиња. Така ми рече возачот што ме пречека на аеродромот. На неговата картичка за идентификација го прочитав името Сакиб. По занимање е професор, но, бидејќи добро зборува англиски јазик, повеќе му се исплатува да работи како возач отколку како предавач. Прилично е згоден. Има убави раце и нокти. Кошулата му е чиста, не е мокра под пазувите и сосема пристојно мириса. Ниту трага од лук, на што бев предупреден од страна на Вилби (всушност, локалното население однадвор и оддалеку, кога ќе го погледнеш од автомобил не се разликува од нас. Единствената разлика што ја забележав е што сите и насекаде пушат).

Главната градска авенија е во многу лоша состојба.

Улиците се полни со дупки и испакнатини, а меѓу нив има крпеници од асфалт. Од двете страни на патот има и многу закрпени згради. Има и неколку обновени. За жал, оние сосема уништените се покриени со билборди и тоа е штета, затоа што по сите оние слики од војната човек сепак очекува малку повеќе атрактивни урнатини. Се чувствувам измамен, како на пример, кога ќе платиш влезница за некој секси филм, а потоа ќе откриеш дека во него слободните сцени се исечени. Вака, добив впечаток дека градот и без војната би изгледал исто толку запуштено и пропаднато. Од хотелскиот прозорец имам поглед кон ридот околу градот, како на разгледницата што Вилби ни ја испрати оттука пред две години. Сликата се изменила. Или има помалку јаблани или има повеќе минариња. Во паркот наспроти хотелот, има необични камења, кои по обликот потсетуваат на куќички за кучиња. Овде тоа го викаат стечак. И мислат дека тоа е некој историски споменик. Рецепционерот ме извести дека ги има многу по планините низ Босна. (Се работи за безвредни камења, затоа што ако имаа некаква вредност, тие веќе ќе беа во нашите музеи и околу нив ќе шетаа туристи, а не вака, околу нив да шетаат овци на нивните ливади.) Во некои проспекти прочитав дека иднината ја гледаат во тревата на тие ливади. Полни со лековити билки. А можам да се обложам дека увезуваат млеко во прав од Украина.

## 2.

Д.Џ.

И јас сакам да се будам наутро покрај тебе. Само седум дена поминаа откако се разделивме, а јас веќе те посакувам. Се будам пред зората, а потоа го завиткувам

будилникот во развласеното ќебе, ја ставам главата врз него и замислувам дека спијам на твоите гради. Ги сонувам нашите прегратки, сонувам како си игравме подморници во кадата, се смешкам во сон кога твојот перископ ќе исплива од под водата со капче од пена...

Тогаш будилникот ќе засвони и јас ќе се разбудам во оваа „факинг“ соба, во овој „факинг“ хотел, во оваа „факинг“ Босна. Но, мојата одлука останува неотповиклива. Сакам да поминам шест месеци без Тебе за да бидам сигурен дали сакам остатокот од животот да го поминам со Тебе.

„L’absence est a lamour ce qu’est au feu le vent; il eteint lepetit, il allume le grand. Roger de Bussy-Rabutin.“ (Отсутноста за љубовта е исто што и ветрот за огнот. Го гаси малиот, а го распламтува големиот.)

## 3.

Најдраг мој, нема зошто да се грижиш.

„Офисот“ е во изолирана зграда, наоколу има висока бетонска ограда, на врвот железни шилци, а момците од обезбедувањето ти влеваат сигурност и почит. Во „офисот“ имам клима-уред, на катот има и мала кујна и тоалет со туш. Подобро ми е отколку што ти е Тебе.

Шефот е кул, Германец, среќно женет, има ќерка на факултет, овде живее одвоен од семејството и сака животни. Има две пудлици, Фифи и Фуфи. Веќе требало да биде пензиониран, но поради некои заслуги во својата партија, добил работа во Босна.

Денеска на паузата, за прв пат излегов во град.

(Не сметајќи ја онаа првата вечер, кога толку ми беше страв дека ќе ме нападнат и ќе ме ограбат, што повеќе на

ништо не се сеќавам.)

Сакав нешто да Ти купам. Нешто оригинално, карактеристично, „доместик“. Но, во оваа земја ништо не се прави. Попладнето го поминав во продавници за сувенири. Видов некои штички со изрезбани мотиви од градот. Тоа веројатно го купуваат Русите и Италијанците, бидејќи на поголем број од тие штички се насликани руското или италијанското знаме. Има и „стари” сабји.

(Но, ти се плашиш и од турпија за нокти.)

Рачките им се украсени со пластични скапоцени камења. Тие сабји ги купуваат Американците.

(Меѓународните сили овде си ги задржале сите свои униформи и ознаки, така што не е тешко да ги разликуваш. Американците се исти како во своите филмови, Италијанците се шетаат наоколу со некој смешен пердув боцнат во шеширот, Украинците и Русите изгледаат како да побегнале во град преку оградата на касарната. Си помислив дека Босна во Дејтон не е поделена само на национални територии туку и на интернационални зони.)

Се враќам на шопингот: фолклорната облека е иста како онаа што ја купувавме во Константинопол.

Сакав да ти купам турбан, ама оној од Бомбај е поубав и поквалитетен...

Видов некои интересни кожени влечки. Имаат шпиц подигнат нагоре и завиткан наназад. Сакиб вели дека тие се за луѓето што вршат нужда во шумата. Кога ќе клекнат се држат за шпицевите за да не се превртат наназад. Јас купив едни, пробав и се превртев. Сигурно има некој систем како треба да се фатиш.

Тоалетите се вистинска лудница. Не знам кои се полоши, оние без веце-шолја (овде тоа го викаат чучавец) што ти ги наводенуваат чевлите кога ќе пуштиш вода, или оние со веце-шолја со секогаш измочана штица. (Овде мажите мочаат стоејќи, Џорџ!)

# 4.

Илјада бакнежи!

За град со големина на предградие, Сараево има изненадувачки голем број на театри, добри ресторани и клубови во кои се свири џез. За тоалетите во тие клубови не го делам истиот степен на воодушевување. Максимално се минијатурни. Понекогаш се толку тесни што вратите не можат да се отворат до крај. Удираат во спротивниот ѕид. Пред тоа ќе ги потчукнат веце-шолјите, кои најверојатно поради тоа, овде се често расклатени и мене секогаш ми е страв да седам на нив. Босна е сигурно единствената земја на светот каде што можеш да добиеш морска болест додека мочаш.

Се чудиш зошто седам на шолја?

Па, затоа што е попаметно отколку да мочаш стоејќи. Во некои нужници што се многу мали, како што веќе ти напишав, шолјата е поставена сосема до ѕидот. Кога ќе ја подигнеш штицата, таа малку стои исправено, а потоа паѓа назад. И те преплашува. И ти се стресуваш. И се помочуваш врз раката.

Зошто штицата чека да почнеш, па дури тогаш паѓа? Гледав, нема никаков механизам. Не е ниту некоја од нивните глупави шеги. Најверојатно, млазот ја исфрла од рамнотежа.

Јас пробав со една рака да ја држам штицата исправено, а со другата да управувам со млазот, но тоа е малку незгодно ако не ги спуштиш панталоните, бидејќи на едната рака немаш доволно прсти да го држиш и мочалото и шлицот отворен и уште да се бориш со ластикот на гаќите. А и положбата е незгодна, затоа што колената ти се раширени, грбот свиткан, и аголот е целосно неприроден. И на сето тоа уште и страшно валкана штица.

Овде мажите немаат навика со хартија да ја избришат штицата и веце-шолјата зад себе. За тоа зошто ја немаат таа навика, можеби придонесува и фактот што во тоалетите често нема хартија. Газдата ми се колнеше дека редовно остава ролни, но дека не може да стави толку ролни колку што гостите му крадат. Меѓутоа, подобро е и да ги крадат, вели тој, отколку да ги користат, оти пак тогаш му ја затнуваат канализацијата.

Остатокот од вечерта бев деконцентриран поради мокрите чевли и панталони, не се сеќавам на сѐ за што разговаравме. Ги запаметив само аргументите, поради кои момците од „офисот" веруваат дека е премија да добиеш мандат во Сараево, т.е: ресторанити се одлични, од дома си на само четири часа, автомобили бомби и терористи самоубијци се вистинска реткост, нема маларија, сида, ебола; сите зборуваат англиски, навистина лошо, но ако се потрудиш можеш да ги разбереш; на морето, кое е топло и во кое нема ајкули стигнуваш за три часа; а платата - како сѐ да е спротивно од наброеното!

# 5.

Најдраг,

Во право си што ме караш. Ќе ја исправам грешката. Ќе ти опишам што работам, со кого работам, каде живеам, како ги поминувам деновите.

Работното време е од осум и пол до шест. Имаме право на еден час пауза, но тоа важи само за локалците. Ние останатите можеме да останеме и подолго. Од девет до десет се читаат вести на интернет. Всушност, вестите се изговор, на нив трошиме пет минути. И онака сѐ е исто, повеќе или помалку. Јас во тоа време малку сурфам по

распродажби и аукции.

Од десет до единаесет по и-мејл се праќаат и примаат вицови и други заебанции.

Од единаесет до паузата пишуваме и читаме извештаи, или правиме табели, или нешто планираме, или обработуваме некои статистики, или, ако сме дежурни, одиме на прес-конференции.

Од три до пет сурфаме или играме игрички. Мислам дека тоа е причината што во поголемиот број канцеларии мониторот е скриен од погледот од вратата. Секогаш имаш време да ја смениш сликата додека колегата или претпоставениот ти дојдат од зад грб. Но, таквата позиција не е баш згодна, затоа што во екранот се рефлектира светлото од надвор, па сѐ уште не сум ги достигнал резултатите со кои те победував Тебе.

Ретко, во четврток имаме состанок со шефот. Бидејќи шефот обично доцни или не доаѓа, тоа време го користиме за договори околу викендот.

Од пет до седум чекаме некој прв да си замине дома, а околу девет излегуваме или одиме на некој прием или „парти“.

Работата не е тешка. Најтешко е да се состават дневните соопштенија за локалните новинари и да се одговара на нивните прашања. За среќа, од нас не се очекува одговорите да бидат поврзани со прашањата. Важно е само неколку пати да се повтори зборот што ќе го избереме за тој месец.

(Овој месец тоа е зборот корупција. На огласната табла веќе има предлози и за следниот: мене најмногу ми се допаѓа зборот враќање и антитероризам.)

Локалните новинари обично ништо не прашуваат, не затоа што научија дека нивните прашања не се доволно добри за нашите одговори, туку затоа што се нестрпливи да ги послужиме со кафе и нешто освежително.

Всушност, поради послужувањето и доаѓаат, затоа што соопштенијата што ги читаме, претходно ги праќаме во нивните редакции по факс.

Поимот новинарство овде се разликува од нашето.

Овде новинарите настојуваат да ѝ служат на вистината, само додека вистината му служи на уредникот, кој ѝ служи на владејачката партија. Поради тоа сосема им е нормално, наместо љубопитност, да користат фантазија.

Народот купува весници, не за да прочита што навистина се случило, туку за тоа, што би можело да се случи. Нема насловна страница без прашалник во насловот: Во пилешкото има свинско месо? Децата примија погрешна вакцина? Радиоактивна пченица во Босна?

Пред некој ден, во својата вила беше уапсен еден од обвинетите за воени злосторства. Телевизиската екипа од далеку ја сними куќата, еден ден по апсењето. А потоа цитираше изјава од првиот сосед, кој сакаше да остане анонимен".

Дознав нешто за новинарството во времето на социјализмот. Новинарите до совршенство ја развиле уметноста на еуфемизмот. Биле во состојба да напишат реченица од стотина зборови во кои подметот и прирокот се целосно неопределени. Во тој систем не се знаело што и на кого му припаѓа, ниту кој за што одговара, па и весниците морале да бидат такви. Наместо зборови и стилски фигури се користеле фрази.

Замисли кај нас да прочиташ, да речеме: сопругата на премиерот, која сакаше да остане анонимна.

(Сопругата на Сакиб е новинарка, но моментално е без работа. Таа е полна со примери како наведените. Можеби ќе ги искористам во текстот што ќе го напишам.)

Таа и Сакиб живеат во новиот дел на Сараево. Тие населби однадвор потсетуваат на советски населби, а одна-